СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

*ОВЛАСТЕН ДИРЕКТЕН УЧЕСНИК:*
*Стопанска Банка а.д. Скопје*
*11 Октомври 7*
*1000 Скопје*

БАРАЊЕ
за купување на граѓански обврзници

Ознака на аукцијата: DO2023/19-1125

Датум на одржување на аукцијата: 07.11.2023

| Р. бр. | Номинален износ | Цена (купонска каматна стапка) |
|---|---|---|
| 1 | | 100,00 (5,00%) |
| | | |
| | | |
| | | |

*ИНДИРЕКТЕН УЧЕСНИК*

Име и презиме:____________________________________________

ЕМБГ: ____________________________________________

Државјанство: ____________________________________________

Адреса:____________________________________________

Поштенски број: ____________________________________________

Место на живеење:____________________________________________

Држава од живеалиште: ____________________________________________

Сметка во Стопанска Банка АД Скопје: ________________________________

Мобилен телефон: ____________________________________________

Датум и место: Потпис:

________________________ ____________________

**Сите полиња се задолжителни и мора да се пополнети.**

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

# ДОГОВОР
## за купување на граѓански обврзници од страна на индиректен учесник

склучен на ден ___________2023 г. меѓу:

1. **СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ,** ул. 11 Октомври бр.7, Скопје, како директен учесник (во понатамошниот текст СБ) и
2. ______________________________________________ (име и презиме), како индиректен учесник (во натамошниот текст: индиректен учесник)

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски меѓу СБ и индиректниот учесник во врска со купувањето на граѓански обврзници со ознака на аукција DO2023/19-1125 издадени од Министерство за финансии на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: издавач).
Врз основа на овој Договор, СБ како овластен директен учесник ќе го застапува индиректниот учесник во процесот на купување на граѓански обврзници од аукцијата од став 1 од овој член.

**Член 2**

Условите на аукцијата од член 1 став 1 од овој Договор се наведени во Проспектот на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, кој е објавен на веб страна www.stb.com.mk и во филијалите на СБ а се однесува на аукцијата опишана во Барањето врз основа на кое се склучува овој Договор.

**Член 3**

СБ презема обврска во име и за сметка на индиректниот учесник да поднесе понуда за купување на граѓански обврзници издадени од Министерство за финансии на Република Северна Македонија, на аукција на граѓански обврзници кај Народна Банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: агент) на номинален износ од _________________________мкд.
Понудата од став 1 од овој член СБ ја доставува до агентот/издавачот на датумот и времето на прием на понуди наведени во Проспектот од член 2 од овој Договор.

**Член 4**

Индиректниот учесник пополнува и доставува барање за купување на граѓански обврзници до СБ, на образец кој е составен дел од овој договор.
Со овој Договор и барањето од став 1 од овој член, индиректниот учесник ја овластува СБ во негово име и за негова сметка да купува граѓански обврзници од аукцијата од член 1 став 1 од овој Договор.
Цената по која ќе се изврши купувањето на граѓанските обврзници ќе зависи од условите (типот на тендер) наведени во Проспектот од член 2 од овој Договор.

**Член 5**

Индиректниот учесник ја уплатува вредноста на граѓанската обврзници на сметката на СБ 200000000099029, со повикување на број MKD120580100, заедно со износот на провизијата во висина од 0,11% од номиналниот износ , минимум 400 мкд, најдоцна 1 ден пред денот на аукција.
Доколку индиректниот учесник не го уплати износот од став 1 од овој член, СБ нема да го реализира барањето за купување граѓански обврзници од член 4 од овој Договор и овој Договор нема да произведува правно дејство.

**Член 6**

По прием на резултатите од аукцијата од страна издавачот, СБ го известува индиректниот учесник за резултатите преку некој од расположливите канали за комуникација: електронска пошта, СМС порака, известување преку i-bank сервисот на СБ, писмено известување или преку филијалите на СБ.
СБ до издавачот за успешната понудата доставува податоци за индиректниот учесник и тоа: ЕМБГ, име и презиме, државјанство, адреса, место на живеење, држава, сметка во Стопанска банка АД Скопје, номинален износ на доделени државни хартии од вредност и цена (кај тендер со повеќекратни цени) наредниот работен ден од денот на објавување на резултатите од аукцијата од страна на издавачот.

**Член 7**

Индиректниот учесник нема право на приговор во случај на делумно исполнување на барањето од член 4 в.в. со член 3 од овој Договор, во случај да Министерството за финансии додели понизок износ за идниректниот учесник.

Доколку Министерството за финансии доделил понизок износ за индиректниот учесник, СБ го враќа преостанатиот дел од средствата на сметката на индиректниот учесник од која што се уплатени средствата.

**Член 8**

СБ нема да биде одговорна за неисполнување односно за ненавремено или нецелосно исполнување на било која од обврските предвидени во овој Договор и во Проспектот доколку тоа е предизвикано од причини кои не зависат од СБ.

**Член 9**

Исплатата на купон (камата) и номиналниот износ на достасаните граѓански обврзници се врши согласно Проспектот од член 2 од овој Договор.

**Член 10**

Овој договор стапува во сила со денот на неговото потпишување.

**Член 11**

Составен дел на овој Договор е објавениот Проспект на Министерството за финансии и Барањето за купување на граѓански обврзници за аукцијата од член 1, став 1 од овој Договор. Со потпишување на овој Договор, индиректниот учесник потврдува дека Проспектот го примил, прочитал, разбрал и се согласил со истиот.

**Член 12**

Индиректниот учесник е согласен СБ да ги обработува нивните лични податоци во онаа мера која е потребна за исполнување на овој Договор.

СБ гарантира дека обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци на индиректниот учесник, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички и организациски мерки кои ја гарантираат доверливоста на податоците.

**Член 13**

За се што не е уредено со овој Договор ќе се применуваат Проспектот на Министерството за финансии и Барањето за купување на граѓански обврзници за аукцијата од член 1, став 1 од овој Договор, како и важечките законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 14**

Овој договор е составен во 2 (два) еднакви примероци од кои 1 (еден) за СБ и 1 (еден) за индиректниот учесник.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор, двете договорни страни се обврзуваат истиот да го решат спогодбено, а во случај на неуспех надлежен ќе биде Основниот граѓански суд во Скопје.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | ИНДИРЕКТЕН УЧЕСНИК |
|---|---|
| ____________________________ | ____________________ |